Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-610/1
13.07.2026 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-636/1 од 27.08.2025 година, поднесена од ----- од Скопје преку полномошник Адвокат -----од Скопје против Министерството за одбрана, за сторена дискриминација по основ на возраст и друг основ во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното:

## М И С Л Е Њ Е

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз лицето -----од Скопје врз основ на возраст и друг основ во областа на работа и работни односи од страна на Министерството за -----.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 27.08.2025 година лицето -----од Скопје преку полномошник Адвокат ----- од Скопје, поднесе Претставка бр. 08-636/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата).

Со претставката подносителката бара утврдување на дискриминација врз неа, сторена врз основ на возраст и друг основ кој го образложува како „остварување на право на пензија со навршени 25 години пензиски стаж од кои 15 години стаж остварен во ----- согласно член 218------ “, сторена од страна на Министерство за -----.

Се наведува дека на 12.12.2024 година, подносителката до Министерство за ----- на има поднесено Барање/Молба да не биде поставена со новата систематизација на работодавачот и да и се изготви писмено Решение за престанок на работен однос со остварување на право на пензија со навршени ----- години возраст од кои најмалку 25 години пензиски стаж, од кои 15 години пензиски стаж остварен во -----.

На 24.02.2025 година, на подносителката и била соопштена -----од 21.02.2025 година, со која била поставена на -----за планирање на ----- образование и анализа, Одделение за професионален развој, ----- образование и морал, во -----, во -----, во -----, во -----, ----- Куманово, а исто така и било соопштено дека и се намалува и платата според ----- од досегашната бодовна група 6 со бодови на должност 164, на бодовна група 8 со бодови на ----- 89, а исто така и поради поставување во ----- од специфична ----- имала дополнително намалување од 100 бода на 70 бода, што по автоматизам значело и намалување на месечни примања од вршење на ----- кое нешто е сосема спротивно на

заложбите за унапредување на правата на вработениот ----- и -----. Се истакнува дека сосема спротивно на членовите 74 и 75 од Законот за -----, каде е наведено дека ----- се поставува на соодветна -----, односно ----- место според неговата ----- специјалност, проекции на кариера и според потребите на -----, како уреден и секогаш позитивно оценуван ----- кој што има обучувано помлади ----- но исто така и постари ----- за работата која ја има работено, без никаква најава но и оправдана потреба на -----, подносителката е прераспределена и деградирана да врши ----- во ----- Куманово. Со таквата прераспределба не само што била финансиски оштетена но и како ----- женски пол со навршени ----- години возраст, била пратена на ----- надвор од местото на живеење.
Потоа, на 26.02.2025 година, подносителката поднела ИЗЈАВА со БАРАЊЕ за престанок на работен однос со остварување на право на пензија со навршени ----- години возраст од кои најмалку 25 години пензиски стаж, од кои најмалку 15 години пензиски стаж остварен во -----, согласно член 218------ од Законот за -----, каде исто така е Укажано дека подносителката има поднесено Барање од 12.12.2024 година.
До Министерот за ----- била поднесена ЖАЛБА против ----- од 21.02.2025 година, но по истата во законски рок не бил даден одговор за што била поднесена ТУЖБА до Основниот Граѓански Суд Скопје на ден 28.03.2025 година, основ: Поништување на Записник и -----.
Понатаму, на 08.05.2025 година, под архивски број „ОУ" бр. ----- од страна на Министерот за ----- било донесено Решение за одбивање на барање за престанок на работниот однос по сила на закон со остварување на право на пензија, на кое што Решение во законски определен рок на ден 28.05.2025 година, била поднесена Жалба до ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА, ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ВТОР СТЕПЕН, но до денот на поднесувањето на оваа претставка немало никаков одговор, иако законскиот рок за одлучување по однос на Жалбата е два месеци од приемот на Жалбата (примена на ден 20.06.2025 година) и заведена под број -----.
На крајот, се наведува дека оваа претставка се поднесува од причина што подносителката има сознанија дека на неколку ----- со ист -----, ----- но и ----- од ----- на подносителката, исполнувајќи го сосема истиот законски услов согласно член 218------ до Законот за -----за престанок на работен однос со остварување на право на пензија со навршени ----- години возраст од кои најмалку 25 години пензиски стаж, од кои најмалку 15 години пензиски стаж остварен во -----, Министерот за ----- им имал донесено Решенија за престанок на работен однос со остварување на право на пензија, додека подносителката е дискриминирана во тој поглед.

Од страна на Министерството за -----, на 26.09.2025 година, до Комисијата е доставен одговор со ознака доверливо, заведен под бр. дов. -----. Во согласност со процедура за постапување со класифицирани информации и со лице со соодветниот сертификат на степенот доверливо, се посочуваат одредени одговори/наоди на Министерството за -----. Воведно, истакнуваат дека работниот однос на вработените во ----- се регулира со посебните законски прописи Законот за -----, Законот за служба во ------и Колективниот договор на министерството. Главно посочуваат дека

подносителката има поднесено во два наврати барање за престанок на работен однос и утврдување на право на старосна пензија. Првото барање било согласно член 218 ------ од Законот за -----, кој пропишува дека „по исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, кога ќе настанат промени во актот за ----- односно актот за систематизација на работни места во Министерството за ----- кое предизвикува укинување на ----- или укинување на ----- место, односно работно место, при што во рок од 60 дена нема можност ----- да биде поставен на друго ----- односно работно место на истиот му престанува работниот однос со навршени најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години пензиски стаж остварен на ----- “. Следствено, истакнато е дека таквото право не се остварува по барање како што бил случајот туку по потреба на -----, а подносителката по потреба на ----- веќе била поставена на соодветно непополнето ----- место предвидено со актот за -----, па и барањето било одбиено. Второто барање било поднесено согласно член 218----- од истиот закон, согласно кој „-----кој навршил ----- години возраст, а не ги исполнува условите утврдени во ставовите (1) и (2) на овој член, на негово барање со писмена изјава може да побара да му престане работниот однос со остварување на право на пензија со навршени најмалку 25 години пензиски стаж, од кои најмалку 15 години пензиски стаж остварен во ----- “. Следствено, во продолжение согласно ставот (9) „Министерството за ----- во рок од три месеци од поднесувањето на изјавата од ставот ----- на овој член, а врз основа на потреба на -----, одлучува дали ќе го прекине работниот однос“. Истакнуваат дека и тоа барање било одбиено поради тоа што веќе била поставена на соодветно ----- место согласно потребите на -----. Истакнуваат дека по барањата постапиле во согласност со законските одредби.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Во согласност со член 8 став 1 од Законот, дискриминацијата е директна кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Оттука, за да постои дискриминација првенствено треба да се утврди постоење на фактичка состојба во која едно лице или група на лица е во нееднаков третман или кон него или нив се постапувало, се постапува или би се постапувало

понеповолно во однос на друго лице или група лица. Следствено на тоа, се утврдува и каузалната врска на таквиот нееднаков третман или постапување со определена дискриминаторска основа, односно дека определените дејствија на сторителот на дискриминација се мотивирани или пак причината за истите почива врз некоја од заштитените карактеристики како што се боја на кожа, раса, пол, верско уверување, возраст, етничка припадност, политичко уверување итн. Односно, лицето или групата на лица кои трпат дискриминација, врз основа на заштитната карактеристика која ја поседуваат треба да се издвојуваат од лицето или групата на лица со кои се споредуваат, а доколку заштитната карактеристика ја споделуваат двете лица или групи на лица отсуствува споредлива ситуација.

Имајќи го во предвид наведеното, Комисијата од изнесените факти и околности на двете страни во постапката, не најде постоење на релевантен дискриминаторски основ и постоење на релевантна споредлива ситуација. Во отсуство на такви факти, не може да стане збор за сторена дискриминација во согласност со членот 5, а во врска со членот 6 и членот 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, во однос на возраста која е наведена од подносителката како дискриминаторски основ, од истакнатото во претставката и од податоците на Министерството за одбрана, во отсуство на релевантни податоци, не можеше да се утврди поврзаност со конкретна ситуација и други лица, каде подносителката е нееднакво третирана во однос на истите. Дотолку повеќе што, во конкретната ситуација на подносителката, можноста за престанок на работниот однос и остварување на право на старосна пензија согласно член 218 ------ од Законот за -----, се однесува на лица од иста возрасна група, односно навршени ----- години возраст. Во однос на наведениот друг основ, подносителката не дава конкретно и релевантно образложение за заштитна карактеристика како дискриминаторски основ. Наведеното „Остварување на право на пензија со навршени 25 години пензиски стаж од кои 15 години стаж остварен во ----- согласно член 218------.", претставува право од работен однос, во врска со пензиско осигурување и не може да претставува заштитна карактеристика поврзана со подносителката, односно идентитетски составен дел од истата.

Согласно горенаведеното, Комисијата утврди дека видно од фактичката состојба не се исполнети елементите кои го исполнуваат битието на противправното дејствие – дискриминација, во смисла на членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Оттука, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за
спречување и заштита од
дискриминација,
Претседател,
Душан Томшиќ